Предлагач: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВОЗ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ

ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје,

август 2025 година

**ДО:**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република С. Македонија и член 139, член 144 и член 175 од Деловникот на Собранието на Република С. Македонија, Ви поднесуваме *Предлог на закон за дополување на Законот за превоз во патниот сообраќај, по скратена постапка*.

**Пратеници:**

Димитар Апасиев_________________

Борислав Крмов_________________

Реџеп Исмаил_________________

Јована Мојсоска_________________

Амар Мециновиќ_________________

Сашко Јанчев_________________

# ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Родителите на мали деца покрај секојдневните обврски, интензивно се ангажирани и во поглед на грижата и условите за раст на децата што претставува особено голем финансиските товар врз семејниот буџет.

Според податоците на Сојузот на синдикати на Македонија (ССМ), транспортот учествува со 7 до 8% во структурата на трошоците на едно четиричлено семејство, согласно минималната синдикална кошница. Овој процент е значајно поголем кај родителите на мали деца ако се земе предвид дека семејствата со мали деца имаат зголемени потреби за мобилност – чести посети на здравствени установи, административни постапки, дневни активности со децата и слично, такашто процентот на учеството на трошоците за танспорт од 8% е значително поголем кај овие семејства. Што претставува голем терет на семејниот буџет, а особено во услови на растечка инфлација и економски предизвици.

Оттука, со цел унапредување на условите за родителство, секоја поддршка за домаќинствата е значајна, а поддршката на семејствата со мали деца преку воведување на мерка за бесплатен јавен превоз за родителите на деца до навршени шест години ќе придонесе за подобрување на квалитетот на нивниот живот.

Бесплатниот јавен превоз е социјално одговорна, економски оправдана и мерка насочена кон унапредување на општата благосостојба на младите семејства. Со бесплатниот јавен превоз на родителите им се овозможува поголема достапност до јавните услуги преку намалувањето на економскиот притисок врз семејниот буџет, нешто што е посебно важно за еднородителските семејства и семејства со ниски приходи, кај кои дури и основните трошоци претставуваат сериозен товар.

На овој начин државата освен што стимулира зголемување на стапката на наталитет, има и еколошки бенефит преку поттикнувањето користење на јавниот превоз, што ќе овозможи намален сообраќајниот метеж, намалено загадување на воздухот и издувните штетни гасови, преку веќе постојните системи за јавен превоз, со едноставна евиденција на корисниците.

Оттука, со оглед на горенаведеното, воведувањето на бесплатен јавен превоз за родителите на деца до шест години претставува неопходна, правична и социјално потребна мерка која директно придонесува за подобрување на секојдневниот живот на илјадници семејства во Република Македонија. Поради тие причини и го предлагаме овој предлог закон.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Предлог-законот е заснован на истите начела на кои се заснова основниот текст на Законот за превоз во патниот сообраќај.

Целта на законот е олеснување на финансиското оптоварување на родителите на малолетните деца.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предложениот закон предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република С. Македонија и другите јавни финансиски средства.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на Предлог - законот потребните финансиски средства ќе се обезбедат од Републичкиот буџет.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Врз основа на член 175 став 1 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република С. Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложена или обемна измена на законот, предлагаме Собранието да расправа по *Предлог законот за дополнување на Законот превоз во патниот сообраќај, по скратена постапка.*

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА
ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВОЗ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ

Член 1

Во Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија„ бр.68/2004; 23/2006; 127/2006; 64/2008; 114/2009; 50/2010; 83/2010; 140/2010; 152/2010; 17/2011; 53/2011; 6/2012; 23/2013; 120/2013; 163/2013; 187/2013; 42/2014; 112/2014; 166/2014; 20/2015; 44/2015; 97/2015; 124/2015; 129/2015; 193/2015; 37/2016; 71/2016; 64/2018; 140/2018; 163/2018; 275/2019; 67/2022; 170/2024; 3/2025; 17/2025 и 101/2025;) по членот 22-б се додава нов член 22-в кој гласи:

„Член 22-в

(1) Родител на дете кое не наполнило шест години возраст има право на бесплатен јавен превоз на подрачјето на општините и Градот Скопје, за што му се издава возен билет, односно електронска карта од страна на носителите на дозвола за општински линиски превоз на патници.

(2) Возниот билет, односно електронската карта од став (1) на овој член се издава на годишно ниво, а најмногу до наполнети шест години возраст на детето.

(3) Бесплатниот превоз од став (1) на овој член се однесува на користење на редовните линии во општинскиот превоз на патници во рамки на утврдениот возен ред на подрачјата на општините каде што има утврден возен ред и се врши од страна на носителите на дозвола за општински линиски превоз, на начин утврден од советите на општините и Советот на град Скопје.

(4) Родителот од став (1) на овој член поднесува барање за бесплатен возен билет, односно електронска карта, до носителот на дозвола за општински линиски превоз на патници со приложување на доказ за возраст на малолетното дете кое не наполнило шест години возраст. Превозникот врз основа на тоа барање тековно ја продолжува важноста на издадениот возен билет.

(5) Средствата за надоместување на трошоците на превозниците се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија преку Министерството за социјална политика, демографија и млади.

(6) Владата со подзаконски акт го уредува начинот на спроведување, идентификација, контрола и евиденција на корисниците од ставот (1) на овој член.“.

Член 2

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 15 дена од денот на влегување во сила на овој закон.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВОЗ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ

Предлог законот содржи три члена.

Со членовите 1 и 2 на предлог законот се предвидува бесплатен јавен превоз за родителите на деца кои не наполниле шест годишна возраст, како и рокот за донесување на предвидените подзаконски акти.

Членот 3 го предвидува денот на влегување во сила на законот со вообичаениот уставен рок *vacatio legis*.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој закон се меѓусебно поврзани, истите се однесуваат на иста правна работа и како такви прават правна целина и се применливи.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Предложеното решение ќе придонесе за зголемено користење на услугите на јавниот превоз, што директно ќе доведе до позитивни еколошки резултати во однос на зачувување на чист воздух, а истовремено ќе придонесе до поголема достапност до неопходните јавни услуги без поголем финансиски товар врз родителите на мали деца.